**Барање 23-1422/1**

1.Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и во рурални средини за 2021?

-Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано ,дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано.

-Доколку имате објавено на социјалните медиуми или на вашата Веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава

2.Дали во Вашите постојни документи , но и во идните документи кои планирате да ги подготвите или да ги ревидирате иматате воведна стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?

-Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планирате нови документи каде би ја вклучиле.

3.Колку средства од буџетот на Општина Кавадарци се наменети и доделени на граѓански организации за спроведување на активности поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство?Ве молиме податоците подлете ги по година одделно за 2019,2020,2021 година, име на организацијата која добила средства, наслов на проект, висина на доделена финансиска подршка и постигнати резултати.

4.Колку средства од буџетот на Општина Кавадарци се наменети и да бидат доделени на граѓански иорганизации за спроведување на активности поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство за 2022 година?

**Одговор 23-1422/2**

1. Во однос на родово-базирано насилство и промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во 2021 година Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци реализираше низа активности и тоа:

- Одбележување на Меѓународниот ден за поддршка на жртвите на насилство и тортура со организирање на панел дискусија ,,Стоп за насилство". Настанот се одржа во Винскиот музеј во градскиот парк на Кавадарци, а на самиот настан се дискутираше за Вториот Национален АКциски План 2020-2025 и се образложи Законот за Спречување и заштита од насилство врз жени. На настанот имаше присутни претставници од Советот на општината, невладинин сектор, граѓани од урбаните средини.

- Одбележување на Светскиот ден на хуманоста во организација на Комисијата за еднакви можности и здружението Еко- Живот (Банка за храна). Беа поставени корпи пред маркетите во кои граѓаните имаа можности да донираат прехранбени продукти и хигиенски средства, а истите беа доставени до социјално загрозени семејства на кои

им се неопходни. На овој настан Кавадарчани покажаа дека хуманоста е доблест и на мажите и на жените бидејќи беа донирани продукти и од мажи и од жени.

- По повод Меѓународен ден на младите, на 12 ти август, Комисијата за еднакви можности и Младинскиот центар Кавадарци во градскиот парк во Кавадарци беше организиран музичко-забавен настан на којшто младите од Општина Кавадарци имаа можности на креативен начин, преку цртежи и стенсили да ги испратат своите пораки за тоа како гледаат на родовата еднаквос. Младите ги претставија нивните ставови за младинските цели во делот на родовата еднаквост и европските програми. Со овој настан се придонесува кон будење на свеста кај младите за родовите перспективи и вложување во нивната иднина.

- Во март 2021 година во рамки на проектот ,,Низ женски леќи” одржан е Форум во заедницата во организација на Центарот за истражување и креирање политики и Комисијата за еднкави можности. На Форумот се идентификуваа приоритетните области, проблеми и решенија и истите се приоритизираа од страна на граѓаните кои живеат или работат на територија на општина Кавадарци од руралните и урбаните средини. Форумот во заедницата се одржа онлајн преку три последователни сесии а учествуваа вкупно 77 учесници од кои 56 жени и 21 мажи. Учесниците беа претставници од локалните институции, училишта, јавни претпријатија, граѓански организации како и граѓани кои живеат на територија на Општина Кавадарци. Преку Форумот се овозможи вклучување на граѓаните, посебно на целните групи кои се главен фокус на проектот со цел обхезбедување услови за приотиризирање на програмите и проектите како и подобрување на структурата на програмите во оштината.

2. Во постојните документи немавме стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство, но во Акциониот план и програма за 2022 година предвидена е активност за изработка на Стратегија за родова еднаквост во која планирано е да се вметне стратешка цел за спречување на насилство врз жени и семејно насилство.

3. Од средствата на буџетот на Општина Кавадарци во 2019 година се доделени финансиски средства на Здружението за родова еднаквост Визија, за реализација на проектот ,,Зголемување на вработливоста и подобрување на економската состојба на жените во општеството”. Проектот е во времетраење од 7 месеци од Август 2019 до Февруари 2020 година. Вкупниот буџет на проектот изнесува 614.755 МКД.

Во 2021 година средствата од буџетот на Општина Кавадарци наменети за граѓанските организации се пренаменети за справување со кризата со пандемијата Ковид 19.

4. Во 2022 година Општина Кавадарци во буџетот има предвидено 3.000.000 денари и во моментот јавниот повик е во фаза на евалуација.

Доколку имате потреба од дополнителни информации или прашања поврзани со родовата

еднаквост и еднакви можности на мажите и жените можете да ја контактирате Координаторката за еднакви можности на општина Кавадарци на е-меил: kamcevamarija95@yahoo.com

Во прилог ви испраќам и линк од страната на социјалните мрежи Комисија за еднакви можности-Општина Кавадарци

https://m.facebook.com/Комисија-за-еднакви-можности-Општина-Кавадарци